РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-840/9

17-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-та седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-840/1 од 24.02.2025 година, оформен по пријава од непознат подносител со наводи против лицето --------- --------, поранешен градоначалник на општина ------------ поради сомневање за противзаконско постапување, злоупотреба на службената положба и овластување во постапка за легализација на бесправно изграден објект изграден во 2022 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, од причина што по пријавените наводи постапува друг надлежен орган ------------ ------ ---------------- -----------, каде постапката е во тек.

Предметот со број 12-840/1 од 24.02.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 24.02.2025 година, доставена е пријава по која е оформен предмет заведен под архивски број 12-840/1 од 24.02.2025 година. Во пријавата се изнесени наводи против лицето -------- ----------, поранешен градоначалник на општина ------- за сомневање за противзаконско постапување, злоупотреба на службената положба и овластување во врска со спроведена постапка за легализација на бесправно изграден објект изграден во 2022 година, евидентиран на катастарска парцела со број К.П ------/--, К.П ------/--, К.П -------/-- општина -------.
Исто така, истата предметна пријава веќе била доставена на надлежно постапување до други државни органи како и до ------------ ------ ---------------- -----------.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање до општина -----, за произнесување со достава на прилог документација во однос на предметната постапка за легализација на бесправно изградениот објект.

Во доставениот одговор, општина ------- извести дека при увид во службената евиденција на доставени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, било констатирано дека постоел евидентен доказ за доставено барање за утврдување на правен статус на бесправно изградениот објект кој се наоѓал на К.П ------/--, К.П ------/--, К.П ------/-- општина -------. Дополнително, се известува и дека за предметниот објект кој бил евидентиран на наведените катастарски парцели, од страна на Општината веќе била доставена потребната документација со информации за сопственост, носител на владение и тип на недвижноста по претходно барање на Министерството за -------- -------- -- ---, ----------- -- ----------- -- - ------------- -------- --------, а заради потребите на надлежното постапување на ------------ ------ ---------------- -----------.

По разгледувањето на предметните наводи и целосната документација за предметот, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапува друг државен орган ----------- ------ ---------------- ---- -------, кое има оформено предмет по кој постапката е во тек. Оттаму, ДКСК оцени дека согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал; Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р. С.Д член на ДКСК